Машински факултет
Бр.02-2214/1
27.08.2009 година
Скопје

Врз основа на ч лен 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на предлог од Деканатската управа на Факултетот, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 27.08.2009 година, ја донесе следнава

# УПАТСТВО

## за следење на презапишани предмети

Студентите на Машински факултет во Скопје кои студираат според одредбите на ЕКТС, наставните предмети кои ги презапишуваат по прв, втор и повеќе пати ќе ги следат на следниов начин:

1. Студентот е должен да изврши пријавување на наставните предмети во пријавната листа за тековниот семестар.

Бројот на кредити на презапишаните предмети ќе се пресметува во вкупниот број кредити со кој е оптоварен семестарот кој студентот го запишува.

2. Доколку студентот во претходната учебна година го исполнил условот и се стекнал со потпис за наставниот предмет што го презапишува во оваа учебна година, се ослободува од обврската за следење на наставните активности по соодветниот предмет (предавања, вежби, изработка на домашни задачи и други обврски).

Наствникот е должен да го пренесе потписот во тековната учебна година во која студентот го презапишува предметот.

3. Наставните активности од претходната точка кои се вреднуваат во бодови, студентот по избор може да ги повтори со изјаснување во пријавната листа на предметите што ќе ги следи во тековниот семестар.

4.Студентот го задржува правото содржината на наставниот предмет што го презапишува да ја полага преку тестови.

5. Ова Упатство ќе се применува од учебната 2009/10 година, а ќе важи до неговото изменување или укинување.

Одлуката да се достави до: наставниците, соработниците, студентска служба, општа служба и архивата на Машинскиот факултет во Скопје.

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов